**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6544/1 од 19.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 19.12.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 6588 | 1 | |

во 14:57


**П Р Е Д Л О Г**
**за неизрекување мерка**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6544/1 од 19.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и став 2, член 75-а став 1 точка б и став 2 и член 75-б од Изборниот законик.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6544/1 од 19.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

**О б р а з л о ж е н и е**

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 19.12.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, бр.10-6544/1 од 19.12.2016 година, емитуван во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-6544/1 од 19.12.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, во периодот од 21 ноември до 9 декември 2016 година:

- Настојуваше да обезбеди информации од повеќе извори и да сопостават ставови со цел презентирање на јавноста на различни гледишта, при што направен е обид да се издвојат новинарските жанрови, извештај од коментар/осврт со цел јавноста да може јасно да разликува што е информација за настан, а што коментар/став за одреден настан/тема и овозможи подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување,
- Обезбеди избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување, во согласност со принципот на пропорционалност, имајќи го предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања,
- Активностите на Владата и на органите на државната управа се главно вистинити и релевантни,

поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Љуљзим Хазири ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________
4. Цветин Чилиманов ____________